# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 11

01.09.2022 година

Службен гласник на општина Делчево — Уредува

Излегува по потреба — Одделение за правни и општи работи

СЕПТЕМВРИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 01.09.2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 13. СЕДНИЦА

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 13. седница, одржана на 30.08.2022 година и тоа:

1.**Одлука** за верификација на мандат на член на Совет;
2. **Одлука** за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2023 година;

3. **Одлука** за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се даваат на физички и правни лица;

4.**Одлука** за измена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

5.**Одлука** за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

6. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година;

7.**Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година;

8. **Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023;

9. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година;

10. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2021-2022 година;

11. **Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2022/2023 ;

12. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2023 година;

13. **Одлука** за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

14.**Одлука** за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

15.**Одлука** за доделување на општинската наградата 7 Септември за 2022 година;

16.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **викенд куќа** зграда бр.1 по барање на **Методи Стоичов**;

17.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **викенд куќа** зграда бр.1 по барање на **Кирчо Стоичов**;

18.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **гаража** зграда бр.1 по барање на **Мише Антовски**;

19.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **помошен објект** зграда бр.2 по барање на **Драган Стојковски;**

20.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект **помошен објект** зграда бр.3 по барање на **Мефаил Зекировски;**

21.**Дополнување** на Програмата за изрботка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

22. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023 година;

23. **Заклучок** за усвојување на Шестмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница"-Делчево;

24.**Одлука** за доделување на средства на ФК „Брегалница"-Делчево за котизација за претстојното натпреварување во Третата македонска фудбалска лига-Исток;

25. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2021-2022 година;

26. **Заклучок** за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2022-2023 година ;

27. **Одлука** за одобрување на финансиски средства за издавање на монографија за село Драмче;

28. **Одлука** за одобрување на финансиски средства на Џамија Султан Фатих Мехмед II Делчево.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 1790/1 — ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01 .09.2022 год. — Градоначалник,
Делчево — Горан Трајковски,с.р.

1.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Уверението на Општинската изборна комисија Делчево бр. 11-154/1 од 15.08.2022 , а согласно 155 и член 155-а од Изборниот законик Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21 ),Советот на Општина Делчево на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30 .08.2022 година, донесе

ОДЛУКА

за верификација на мандатна член на Советот на Општина Делчево

Член 1

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Делчево **Тони Стаменковски** од Делчево, кандидат од политичката партија ЛЕВИЦА.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1754/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30 .08.2022 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов,с.р.**

**2.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со точка 1 алинеја 3 и точка 2 од членот 20 –б, од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22) ), Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање Согласност на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2023 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава Согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2023 година бр19-1715/1 од 22.08.2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1755/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2022 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

3. Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02), и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/2012) и член 49 став 1 алинеја 7 од Законот за пожарникарството ( „Службен весник на РМ“ бр. 67/04., 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 ), Советот на Општина Делчево на својата 13. седница одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на ценовник за користење на услуги од Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Делчево кои можат да се
даваат на физички и правни лица

Член 1
Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево утврдува ценовник за користење на услугите што ги дава Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) од Делчево на правни и физички лица.

Член 2
Под услуги што ТППЕ ги дава на правни и физички лица се:користење на противпожарно возило и друга техничка опрема како и одржување на теоретска и практична обука на правни и физички лица од областа на противпожарната заштита .

Член 3
Начинот на давањето на услуги и видот на техничката опрема што може да се дава на користење, се врши по претходно поднесено барање од барателот до архива на Општина Делчево, а за давањето на услугите и начинот на користење на опремата одлучува и одговара по барањето Територијалната противпожарна единица.

Одржувањето на теоретска и практична обука се врши по барање на правни и физички лица, а го изведуваат вработените професионални пожарникари од ТППЕ во рамките на своето работно време во просториите на ТППЕ или на барање на барателот во негови простории.

Член 4
Советот на Општина Делчево го утврдува следниот ценовник за користење на услугите што ги дава ТППЕ на правни и физички лица:

1.Теоретска и практична обука од областа на противпожарната заштита:

- за извршена обука на едно лице со спроведени три наставни часа, 600 денари .

2.Употреба на ПП возило:

-Транспорт на вода со ПП возило 8000 литри до 5 км изнесува 1500 денари, од 5-10 км изнесува 2000 денари, од 10-20 км изнесува 2500 денари. Над 20 километри, надоместокот се зголемува за уште 40 денари од километар.

-Обезбедување на спортски и културни манифестации со ПП возило и 3 пожарникари до 20 км изнесува 2.500 денари од час. Над 20 километри, надоместокот се зголемува за уште 40 денари од километар.

3.Користење на ПП опрема:

-ПП скала едноделна ..................................................... 120 денари од час
-ПП скала дводелна ....................................................... 200 денари од час
-ПП јаже ........................................................................ 240 денари од час

-ПП црево Ф/52 мм.......................................................... 120 денари од час
-ПП црево Ф/75 мм ........................................................ 120 денари од час
-ПП опасач ..................................................................... .120 денари од час
-ПП шлем ....................................................................... 60 денари од час
-ПП пумпа за вадење на вода .................................... 320 денари од час
-ПП млазница .................................................................. 60 денари од час
-Редуцир спојка ............................................................. 60 денари од час
-Рефлектор .....................................................................200 денари од час
-Мегафон ........................................................................300 денари од час

Член 5

Паричните средства од давањето на услуги и користењето на противпожарната опрема, ќе се уплатуваат на сметка на Општина Делчево и истите ќе се наменат за потребите на ТППЕ Делчево.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1756 /1
30.08. 2022 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов, с.р.

4.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на тринаесеттата седница одржана на 30.08.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -2.110.800 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -683.300 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 530.800 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 495.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 926.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **W00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 565.800 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 276.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.09-1757/1
30.08.2022

Претседател на Советот на Општината
Гоце Попов

5.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на тринаесеттата седница одржана на 30.08.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 10.274.000 | 0 | 0 |
| 742111 | Приходи од обединетите нации | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| | | **0** | **10.274.000** | **100.000** | **0** |
| **и се распоредуваат на следните расходни потставки :** | | | | | |
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 440.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 56.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 4.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 4.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 230.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 12.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 45.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 242.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 2.369.584 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 107.590 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 561.619 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 398.004 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 7.779 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 8.424 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 450.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 110.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |

6. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08. 2022 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2023 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево бр.18-27/1 од 11.08.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1759 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30 .08.2022 година Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

7. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен план за вработување**
**на “ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2023 година бр.04-390/1 од 14.07.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1760/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30 .08.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08. 2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишната програма за работа на

ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево за учебната 2022/2023

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево за учебната2022/2023 година број 03-420/1 од 15.08.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1761 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08. 2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

9. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година , донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен план за вработување
на "ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2023 година

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке" Делчево за 2023 година бр.03-297/1 од 27.07.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1762 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.08.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

10.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 13.редовна седница, одржана на ден 30 .08. 2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишниот извештај
на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2021/2022

1. Се усвојува Годишниот извештај на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за учебната 2021/2022 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1763 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

11.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30. 08. 2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишната програма за работа на
ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2022/2023

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната2022/2023 година број 01-326/1 од 17.08.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1764 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30 .08. 2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

12. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2023 година

1. Се Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2023 година бр.0102-115/1 од 15.08.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| Број 09-1765 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 30.08.2022 година | Претседател, |
| Делчево | Гоце Попов ,с.р. |

13. Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ и РСМ“ бр.23/2013,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) - Консолидиран текст јуни 2020) и Барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.03-12/3-2 од 15.08.2022 година, Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08. 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево, од бројот предвиден во член 64 од Законот за заштита на децата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 1766/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **30 .08. 2022 година** | **Претседател,** |
| **Д е л ч е в о** | **Гоце Попов,с.р.** |

14. Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата-Консолидиран текст јуни 2020 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), и Барање бр.03-12/3-1 од 15.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 13.редовна седница одржана на 30 .08.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за утврдување на**
**почетокот и завршетокот на работното време**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:
-За објект бр.1 , кој се наоѓа на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.
-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.
-За објект бр.3, во с. Разловци во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот,часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 1767/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **30.08.2022 год.** | **Претседател,** |
| **Д е л ч е в о** | **Гоце Попов,с.р.** |

15.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 24 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2018 и 7/21), како и Предлогот на Комисијата за доделување на општински награди и признанија, Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на општинска награда 7 Септември за 2022 година**

**Член 1**

Општинската награда 7 Септември за 2022 година се доделува на следните кандидати:
**1. БРЕГАЛ ДОО Делчево** за особени постигнувања од областа на стопанството и како општествено одговорна компанија;
**2. Лоренцо Трајановски од Делчево** за афирмација на општината во Република Северна Македонија и светот.

Член 2

Општинската награда 7 Септември за правното лице се состои од плакета, а за физчкото лице се состои од парична награда во износ од 20.000,оо денари и плакета.

Плакетата ќе биде доделена на 7 Септември 2022 година.

Член 3

Средствата за наградата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Делчево".

Бр. 09 -1768/1
30.08.2022 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов ,с.р.

16. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на својата 30. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година донесе

ОДЛУКА

за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат

Објект викенд куќа згр. бр. 1 –по барање на Методи Стоичов

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**203** од **29.06.2018** година, од страна на **Методи Стоичов ул.„Плачковица" бр.73 - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 3147/2 КО Делчево** запишана во имотен лист бр.**11793** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1769/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

17. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект викенд куќа згр. бр. 1 –по барање на Кирчо Стоичов**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**202** од **29.06.2018** година, од страна на **Кирчо Стоичов ул.„Бул. Македонија бр.12-20“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 3114 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **9590** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1770/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

18. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни

објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година донесе

ОДЛУКА
за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
**Објект гаража згр. бр. 1** –по барање на **Мише Антовски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**30** од **22.01.2018** година, од страна на **Мише Антовски ул.„Гоце Делчев бр.1/3-9“ – Кочани** за бесправно изграден објект, **Објект гаража –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 4068 КО Илиево** запишана во имотен лист бр. **25** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1771/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2022 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

19. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 2 –по барање на Драган Стојковски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број

уп I бр. 12-**1514** од **29.08.2011** година, од страна на **Драган Стојковски ул.„Пијанечка бр.1“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр. 4067 КО Ѕвегор Вон Г.Р.** запишана во имотен лист бр.**494** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1772/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2022 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

20. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Мефаил Зекировски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2202** од **02.09.2011** година, од страна на **Мефаил Зекировски од с.Трaботивиште ул.„Даме Груев“ бр. 8 – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зг рада бр. **3** изграден на **КП бр. 1093 КО Трaботивиште** запишана во имотен лист бр. **505** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1773/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

21. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 13. седница одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година се врши следната дополна:

II.Во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 23 се додаваат 2 нови точки и тоа:

– **точка 24** , која гласи:„ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО“.

Овој локалитет ги опфаќа следниве катастарски парцели: **ДЕЛ** од КП бр. 241, КП бр.242, КП бр.243, КП бр.246/2, КП бр.952,КП бр.254, КП бр.257, КП бр.267, КП бр.5022/1 и КП бр.244, КП бр.245, КП бр.255, КП бр.256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО.

**-точка 25,** која гласи: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Овој локалитет ги опфаќа следниве катастарски парцели: КП бр.1827, КП бр. 1829, КП бр.3177/2, КП бр. 3177/1 и КП бр.3177/3, КО Ѕвегор вон град Општина Делчево.

III.Дополнувањето на **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022** стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09 – 1775/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30. 08.2022 год. Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

22. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година , донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен план за вработување
на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2023 година бр.0403-262/1 од 19.08.2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1776 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.08.2022 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

23. Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 13.редовна седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Шестмесечниот извештај за**
**финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево**
**за период 01.01.2021 -30.06.20201**

1.Се усвојува Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2022 - 30.06.2022 година, број 0102-234/1 од 14.07.2022 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-240/2 од 20.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1777/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08. 2022 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

24. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 09-1742/1 од 29.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 13.седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства**
**на ФК „Брегалница“-Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 200.000 денари на ФК „Брегалница“-Делчево Сениори.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за котизација, регистрација и пререгистрација на играчи, лекарски прегледи и други трошоци за претстојнота натпреварувачка сезона на клубот во Третата фудбалска лига- Исток.

Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината за 2022 година на име ФК „БРЕГАЛНИЦА“-ДЕЛЧЕВО-Сениори на трансакциска сметка 300210000078450,Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1778 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.08.2022 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

25. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 13.редовна седница, одржана на ден 30 .08. 2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа**
**на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево за учебната 2021/2022**

1. Се усвојува Годишниот извештај на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево за учебната 2021/2022 година;
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1779/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2022 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

26.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 13.редовна седница, одржана на ден 30 .08. 2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишната програма
за воспитно-образовната работа на СОУ „М.М.Брицо" Делчево
за учебната 2022/2023

1. Се усвојува Годишната програма за воспитно-образовната работа на СОУ „М.М.Брицо"Делчево за учебната 2022/2023 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-1780/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р

27. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-252 од 16.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 13.седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за
издавање на монографија за село Драмче

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.000 денари.
Средствата ќе бидат наменети за печатење на монографија за село Драмче.

Член 2
Средствата ќе бидат исплатени на име Христина Деолска, на трансакциска сметка 200001379818784 , Стопанска банка АД Скопје.

Член 3
Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1781/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

28. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-234 од 25.07.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 13.седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства
на Џамија Султан Фатих Мехмет II Делчево

Член 1Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000 денари за потребите на Џамијата Султан Фатих Мехмет II Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2022 година на име на ИВЗ на РСМ-Организациона единица Муфтивство Штип, на трансакциска сметка 270-04069676-0391, Халк Банк АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1782 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.08.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.